# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 175. Дата: 13. 05. 2013.**



## ПРИКАЗНА за УПОРНАТА ВДОВИЦА

*„Во еден град имаше судија кој немаше ни страхопочит спрема Бог, ни срам од луѓето. Во истиот град имаше и една вдовица, која честопати доаѓаше кај него и го молеше: ‚Заштити ме од мојот противник!‘Судијата долго време не преземаше ништо, но најпосле си рече: ‚Иако јас немам ни страхопочит спрема Бог, ни срам од луѓето, сепак, заради упорноста на оваа жена ќе се заложам за неа, за да престане да доаѓа и да ми додева!‘*

*Во продолжение, Господ рече: „Чувте ли што рекол неправедниот судија? Зар нема и Бог да се заземе за Своите луѓе, кои Му се молат дење и ноќе!? Зар ќе задоцни со Својата помош? Ве уверувам дека Тој брзо ќе се заземе за нив!“* **(Лука 18:1-8)**

Библијата ни кажува дека Исус им ја кажа следнава споредба, за да им покаже дека треба постојано да се молат и да не се обесхрабруваат. Но, како оваа приказна ни помага да изградиме таков став кон молитвата?

Во приказната ни е прикажан неправеден судија, кој нема ни страв од Бог, ни срам од луѓето. Тој е целосна спротивност од самиот Бог, Кој е добар, праведен и милостив. Кога се среќаваме со вакви луѓе, кои живеат горделиво, неморално и не се плашат дури ни од Бог, не очекуваме дека ќе наидеме на милост и сочувство. Има барем три причини за тоа: прво, тие се себични и се грижат само за нив и нивните потреби; Второ, тие не се засегнати од чувството за праведност, бидејќи и самите живеат неправедно. Затоа и овој судија, на почетокот не беше загрижен што една вдовица е онеправдана. Веројатно очекуваше некаков поткуп од неа.
Трето, ваквите луѓе не се плашат од законот и од закани, бидејќи имаат доволно власт и пари, за да ги контролираат луѓето околу нив, па дури и власта. Па сепак, на крај овој судија одговори на молбите на вдовицата и се заседе за нејзиниот случај. Главната причина беше нејзината упорност; таа секој ден доаѓаше кај него и го молеше да и помогне.

Па, ако упорната молитва помага кај еден неправеден, неморален, бесчувствителен, бесрамен судија, колку ли повеќе ќе помогне и ќе биде услишена, кога таа е упатена кон праведниот, милостивиот и добриот Бог?

Дури е навредливо за Бог, ако ние мислиме дека нашата упорност ќе го стопи срцето дури и на бесчувствителниот бизнисмен, или на себичниот политичар, но дека нема да помогне кај Бог. Се лажеме ако мислиме дека Бог не ги слуша молитвите на онеправданите и на угнетените, или на оние кои се каат. Но, понекогаш треба да бидеме трпеливи и да го чекаме Божјото време, кога ќе го видиме одговорот на нашите молитви. Токму по тоа прашање, самиот Господ Исус ги уверува луѓето и ги охрабрува, кажувајќи ги следниве зборови:

*„Благословени се оние што тагуваат, зашто ќе бидат утешени!*
*Благословени се кротките луѓе, зашто тие ќе бидат наследниците на Земјата!*
*Благословени се луѓето кои се гладни и жедни за правда, зашто тие ќе бидат задоволени!*
*Благословени се милостивите луѓе, зашто тие ќе бидат помилувани!*
*Благословени се луѓето со чисто срце, зашто тие ќе Го видат Бога!*
*Благословени се миротворците, зашто тие ќе бидат прогласени за Божји деца!*
*Благословени се прогонуваните поради тоа што се справедливи, зашто ним им припаѓа небесното царство! Благословени сте и вие ако ве навредуваат и прогонуваат поради тоа што сте Мои следбеници и ако изнесуваат злобни лаги против вас.Радувајте се и ликувајте, зашто на небото ве чека голема награда“.* **(Матеј 5: 12)**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**